# КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО ГОВОР НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЈАНУАРИ - МАРТ, 2024

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

- **171** Говор на омраза поради етничка припадност
- **96** Говор на омраза поради политичка припадност
- **53** Говор на омраза по национална припадност
- **48** Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет
- **30** Говор на омраза поради пол и род
- **14** Говор на омраза поради религија и религиско уверување
- **3** Говор на омраза поради раса/боја на кожа
- **2** Говор на омраза врз основ на здравствена состојба
- **1** Излагање на подбив на претставници на странски држави
- **1** Излагање на подбив на претставници на меѓународни организации
- **1** Говор на омраза поради социјално потекло

## ЈАНУАРИ




- 34 Говор на омраза поради политичка припадност
- 26 Говор на омраза поради етничка припадност
- 13 Говор на омраза по национална припадност
- 8 Говор на омраза поради пол и род
- 6 Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет
- 4 Говор на омраза поради религија и религиско уверување
- 1 Излагање на подбив на претставници на меѓународни организации
- 1 Говор на омраза врз основ на здравствена состојба
- 1 Говор на омраза поради социјално потекло

· Со најавата за парламентарните и претседателските избори кои ќе се одржат на 24 април и 8 мај 2024 година и составот на техничката Влада, забележан е пораст говорот на омраза и вознемирувачкиот говор по политичка и етничка основа. Неретко критицизмот видлив на социјалните мрежи преминува во омраза, навреди и омаловажувања.

## ФЕВРУАРИ




- 56 Говор на омраза поради етничка припадност
- 26 Говор на омраза поради политичка припадност
- 12 Говор на омраза по национална припадност
- 7 Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет
- 5 Говор на омраза поради пол и род
- 2 Говор на омраза поради религија и религиско уредување
- 1 Говор на омраза поради раса/боја на кожа

· Хелсиншкиот комитет забележува зголемен и интензивиран говор на омраза по етничка припадност, но поврзано со политичкиот контекст и предизборниот период. Како резултат на ова, повеќе од половина од регистрираните случаи во овој месец имаат етнички предзнак.

· Забележан е мизогин и навредлив говор насочен кон кандидатките за претседател на државата.

· Хелсиншки комитет забележа и говор на омраза на социјалните мрежи поврзан со изложбата, мултимедијален проект со наслов ,,Горчлив шеќер'', која се одржуваше во Музеј на современа уметност - Скопје. На социјалните мрежи се креарија лажни вести и говор на омраза насочени кон авторот поради претпоставена сексуална ориентација. Забележани беа коментари и статуси кои ја демонизираат ЛГБТИ заедницата како и коментари кои поттинуваат насилство и дискриминација. Хелсиншки комитет смета дека ваквиот говор дополнително ја стигматизира заедницата и поднесе две кривични пријави за три лица за извршен кривично дело ,,Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" опишан во член 394г од Кривичниот Законик.

## МАРТ




- 71 Говор на омраза поради етничка припадност
- 26 Говор на омраза по национална припадност
- 26 Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет
- 26 Говор на омраза поради политичка припадност
- 13 Говор на омраза поради пол и род
- 5 Говор на омраза поради религија и религиско уверување
- 1 Говор на омраза поради раса/боја на кожа
- 1 Говор на омраза врз основ на здравствена состојба

· Овој месец во предизборниот период, Хелсиншкиот комитет забележа зголемување и интензивирање на говорот на омраза по етничка припадност во форма на навреди, омаловажување и поттикнување дискриминација и насилство.

· На 29 март, во Скопје се одржа Марш за видливост на трансродовите лица, кои се една од најмаргинализираните заедници. Поради видливоста на трансродовите лица на Маршот, пропорционално се зголеми говорот на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

· Хелсиншки комитет поднесе кривична пријава до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика за извршено кривично дело ,,Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" опишан во член 394г од Кривичниот Законик, против администраторите на Фејсбук страницата „Преземи одговорност" кои преку компјутерски систем промовирале идеи што поттикнуваат дискриминација, насилство и омраза врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет.

„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија".

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија".